SIGMA
Creating Change Together

A joint initiative of the OECD and the EU, principally financed by the EU

**Резиме 13** Септември, 2016 година

**Јавни набавки**

# Вклучување на еколошките аспекти во јавните набавки

**СОДРЖИНА**


- Еколошки аспекти
- Што предвидува Директивата во врска со еколошките аспекти
- Вклучување на еколошки аспекти во постапката за јавна набавка
- Подготовка
- Објавување
- Избор
- Евалуација на понуди
- Услови на договорот
- Управување со договорот
- Дополнителни информации


Одобрено за објавување од Карен Хил, раководител на програмата СИГМА


2 Rue André Pascal
75775 Paris Cedex 16
France

mailto:sigmaweb@oecd.org
Тел.: +33 (0) 1 45 24 82 00
Факс: +33 (0) 1 45 24 13 05

www.sigmaweb.org



Ова резиме е објавено во рамки на надлежноста на Генералниот секретар на ОЕЦД. Мислењата и аргументите коишто тука се изразени не треба да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Европската унија или земјите-членки на ОЕЦД или земјите-корисници коишто учествуваат во програмата СИГМА.

Овој документ и секоја мапа вклучена во истиот не се во спротивност со статусот или суверенитетот на која било територија, означувањето на меѓународните граници и со името на која било територија, град или област.

## Еколошки аспекти

Стратегијата Европа 2020[1] има три главни приоритети:

- **паметен раст:** развој на економија која се заснова на знаење и иновации;
- **одржлив раст:** промовирање на позелена и поконкурентна економија со поефикасни ресурси;
- **инклузивен раст:** поттикнување на економија со поголема вработеност којашто овозможува социјална и територијална кохезија.

Главните цели за обезбедување на одржлив раст се фокусираат на прашања поврзани со животната средина: поддржување на промената кон економија со ниски количества на јаглерод во сите сектори, промовирање на приспособувањето на климатските промени, заштита на животната средина, поттикнување на ефикасност на ресурсите и поголема енергетска сигурност.

„Еколошкиот аспект“ нема определена дефиниција. Концептот најлесно може да се разбере преку примери:

### Примери за еколошки аспекти:

- Минимизирање на влијанието на градежен проект врз животната средина – *одлучувајќи да се изгради тунел наместо пат*;
- Поттикнување еколошко чувствителни работни практики од страна на економските оператори – налагајќи му на економскиот оператор кој гради пат низ област на природни убавини да преземе конкретни мерки за управување со животната средина;
- Зголемување на енергетската ефикасност во згради – налагајќи архитектите да проектираат зграда којашто ќе ги исполнува највисоките стандарди за енергетска ефикасност;
- Намалување на трошењето на природните ресурси – налагајќи економските оператори да вршат рециклирање и повторна употреба на производите;
- Поттикнување развој на алтернативни извори на енергија – *набавувајќи „зелена“ енергија*;
- Намалување на јаглеродниот отпечаток – набавувајќи електрични возила.

Јавните набавки се еден од пазарните инструменти кои може да се користат за остварување на целите на „Европа 2020“. Договорните органи и претходно ги користеа јавните набавки за унапредување на овие пошироки цели на политиките.

Клучните прашања од аспект на набавките се следниве:

- Кои одредби во Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор (Директивата)[2] им овозможуваат на договорните органи да вклучат еколошки аспекти во постапката за јавна набавка?
- Ако тоа е законски дозволено, кога и на кој начин може да се изврши?

[1] ЕВРОПА 2020. Европска стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст.
[2] Директива 2014/24/ЕУ за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

## Што предвидува Директивата во врска со еколошките аспекти?

Директивата појаснува како договорните органи може да придонесат кон заштитата на животната средина и поттикнувањето на одржливиот развој, истовремено обезбедувајќи дека може да добијат најдобра вредност на парите за нивните договори.

### Мора да се имаат предвид два пристапа:

Прво, Директивата утврдува општа обврска за сите земји-членки (и договорни органи) да преземат соодветни мерки за да обезбедат дека при извршувањето на договорите за јавна набавка економските оператори ги почитуваат обврските во областа на законодавството за заштита на животната средина. Оваа обврска има за цел да обезбеди соодветно вклучување на **еколошките услови во постапките за јавна набавка**.

Обврските кои мора да се почитуваат се оние кои се применуваат во местото каде што ќе се извршуваат работите или каде што ќе се обезбедуваат услугите, а коишто произлегуваат од законите, прописите, уредбите и одлуките на национално ниво и на ниво на Европската унија (ЕУ). Обврските, исто така, може да произлезат од колективни договори или од одредби на меѓународното право за заштита на животната средина, под услов таквите правила и нивната примена да бидат во согласност со законодавството на ЕУ[3].

Контролата над почитувањето на одредбите од законодавството за заштита на животната средина може да се врши во сите соодветни фази од постапката за јавна набавка: кога се применуваат општите начела со коишто се уредува изборот на учесниците и доделувањето на договорите, кога се применуваат критериумите за исклучување и кога се применуваат одредбите за понуди со невообичаено ниска цена.

Второ, Директивата содржи неколку клучни одредби коишто се однесуваат конкретно на начинот на вклучување еколошки аспекти во постапката за јавна набавка за **поттикнување на целите за одржлив раст**:

- **Технички спецификации – еколошки карактеристики:** Техничките спецификации може да се формулираат во однос на условите за извршување или функционалните карактеристики, коишто може да вклучуваат еколошки карактеристики. Договорните органи, исто така, може да користат детални спецификации, како што е дефинирано со европските или мултинационалните еко-ознаки или други еко-ознаки, но само доколку се исполнети одредени услови.
- **Услови за извршување на договорите – давање предност на спроведувањето мерки за заштита на животната средина:** Договорните органи може да утврдат посебни еколошки услови поврзани со извршувањето на договорот, под услов:
  - тие да се поврзани со предметот на договорот;
  - тие да се наведени во повикот за учество или во документацијата за набавката.

Со цел поуспешно интегрирање на еколошките аспекти во постапките за јавни набавки, договорните органи може да користат услови за извршување на договорите поврзани со работите, стоките или услугите кои треба да се обезбедат, во секоја фаза од нивниот животен циклус, од вадењето на суровините за производот до фазата на отстранување на производот.

---

3 Анекс X од Директивата содржи листа на меѓународни еколошки конвенции: Виенска конвенција за заштита на озонската обвивка и нејзиниот Монтреалски протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка; Базелска конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање (Базелска конвенција); Стокхолмска конвенција за неразградливи органски загадувачи (Стокхолмска конвенција); Конвенција за постапка за претходно добивање на согласност за одредени опасни хемикалии и пестициди во меѓународниот промет (УНЕП/ФАО) (Ротердамска конвенција) Ротердам, 10 септември 1998 година и нејзините 3 регионални протоколи.

Договорните органи може да користат услови за извршување на договорот поврзани со факторите опфатени во одреден процес на производство, испорака или трговија, дури и ако овие фактори не се дел од материјалната содржина на работите, стоките или услугите коишто се набавуваат.

На пример, договорните органи може да утврдат услови поврзани со еколошките аспекти, како што се следниве:

- o Производството на производите кои се набавуваат нема да вклучува токсични хемикалии;
- o Услугите ќе се обезбедуваат со користење на енергетски ефикасни машини;
- o Пакувањето на производите кои се набавуваат ќе биде изработено од рециклирачки материјали.

Меѓутоа, договорните органи не смеат да бараат од понудувачите да имаат воведено политика за корпоративна еколошка одговорност.

Покрај тоа, економските оператори кои ги прифаќаат условите не може да бидат исклучени само поради тоа што договорниот орган смета дека економскиот оператор нема да ги исполни условите.

- **Докази за техничките способности на економскиот оператор – мерки за управување со животната средина:** Во соодветни случаи (поврзани со техничката способност), договорните органи може да побараат мерките за управување со животната средина да бидат доказ за техничките способности на економскиот оператор да спроведе договор за јавни набавки на работи или услуги.

Кога договорите органи бараат доставување на сертификати издадени од независни органи со кои се потврдува усогласеноста на економскиот оператор со одредени стандарди или системи за управување со животната средина, тие упатуваат на Шемата за еко-управување и ревизија на ЕУ (EMAS) или на други признаени системи за управување со животната средина.

- **Еколошки карактеристики како критериуми за доделување на договорот:** Економски најповолната понуда од гледна точка на договорниот орган може да се утврди врз основа на цената или трошокот, користејќи пристап на економичност, на пример, трошоците за целиот животен циклус и може да го вклучува најдобриот сооднос помеѓу цената и квалитетот.

Во контекст на најдобриот сооднос помеѓу цената и квалитетот, во Директивата е наведен неисцрпен список со критериуми врз коишто договорниот орган може да го заснова доделувањето на економски најповолната понуда. Списокот конкретно упатува на „еколошките карактеристики“. Критериумите коишто се користат мора да бидат поврзани со предметот на договорот и не смеат на договорниот орган да му даваат неограничена слобода во изборот.

Кога се користат трошоците на животниот циклус може да се земат предвид одредени трошоци поврзани со еколошките аспекти, како што се:

- трошоците на крајот на животниот век (на пр., трошоците за собирање и рециклирање);
- трошоците предизвикани од надворешни еколошки фактори кои се поврзани со стоките, услугите или работите во текот на нивниот животен циклус, под услов нивната парична вредност да може да се определи и провери (на пр., трошоци поврзани со емисиите на стакленички гасови, други емисии на загадувачи и други трошоци поврзани со ублажување на последиците од климатските промени).

## Вклучување на еколошки аспекти во постапката за јавна набавка

Еден од најчестите предизвици со коишто се соочуваат договорните органи при имплементацијата на еколошките аспекти е идентификувањето на еколошките критериуми кои ќе се користат, бидејќи договорните органи обично немаат експертиза во оваа област.

## Подготовка

Директивата содржи многу малку информации кои конкретно се однесуваат на спроведувањето на фазата пред објавувањето на огласот. Директивата се фокусира на спроведувањето на конкурентната постапка за јавна набавка.

Во принцип, Директивата не го спречува договорниот орган да имплементира еколошки аспекти кога донесува одлука за набавка. Според тоа, стратешките одлуки за набавките може да се носат земајќи ги предвид еколошките аспекти, под услов овие аспекти да не се во спротивност со одредбите од Договорот[4].

Во практика, фазата на подготовка нуди големи можности за вклучување на еколошките аспекти кои ќе влијаат врз целата постапка за јавна набавка. Причината за овие можности е тоа што во фазата на подготовка:

- се носат клучни стратешки одлуки за набавки;
- се дефинира предметот на договорот;
- се изработува огласот за јавна набавка;
- се подготвуваат општите и техничките спецификации;
- се подготвуваат условите на договорот.

Овие елементи имаат директна поврзаност со подоцнежните фази во процесот, така што одлуките донесени пред почетокот на набавката може да имаат големо влијание. На пример, ако техничките спецификации се подготвуваат имајќи ги предвид релевантните еколошки елементи, овие елементи може да бидат дел од критериумот за евалуација на понудите и на тој начин да влијаат на конечната одлука за доделување на договорот.

Дефинирањето на предметот на договорот и изборот на соодветен наслов овозможува пазарот да се информира за целите на договорниот орган (на пр. енергетски ефикасни компјутери, енергија од обновливи извори, соодветна изградба на згради, одржливи услуги за чистење).

**Белешка за критериумите за зелени јавни набавки на ЕУ:**

Критериумите за зелени јавни набавки на ЕУ се изработени за да се олесни вклучувањето на зелените услови во документација за набавката. Критериумите за зелени јавни набавки имаат за цел да се постигне добра рамнотежа помеѓу влијанието врз животната средина, трошковните аспекти, достапноста на пазарот и лесната проверка. Договорните органи, во зависност од своите потреби, може да одлучат да ги користат сите или само некои услови во нивните постапки.

Во моментов, општи критериуми за зелени јавни набавки се достапни за следниве сектори:

- фотокопирна и графичка хартија

[4] Договор за функционирањето на Европската унија – консолидирана верзија на Договорот за функционирањето на Европската унија, *Службен весник на Европската унија*, C 326, 26 октомври, 2012 година. Во резимето за јавните набавки на Договорот се упатува со кратенките „ДФЕУ“ или „Договорот“.

- услуги и производи за чистење
- канцелариска ИТ опрема
- градежништво
- транспорт
- мебел
- електрична енергија
- храна и угостителски услуги
- текстил
- градинарски производи и услуги
- електрична и електронска опрема која се користи во здравствениот сектор
- опрема за снимање
- санитарни чешми и славини
- инфраструктура за отпадни води
- греачи кои работат на вода
- тоалети и писоари
- ѕидни панели
- комбинирано производство на топлинска и електрична енергија
- изградба на патишта и сообраќајни знаци
- улично осветлување и сообраќајна сигнализација
- внатрешно осветлување.

За повеќе информации околу критериумите за зелените јавни набавки, види ја веб-страницата на Европа[5].

Прелиминарните пазарни консултации, исто така, може да помогнат пред започнување на постапката за набавката да се идентификуваат технологиите и решенијата кои имаат потенцијал да ги исполнат целите поврзани со животната средина. Види Резиме на СИГМА за јавните набавки 32, *Анализа на пазарот, прелиминарни пазарни консултации и претходно учество на кандидатите/понудувачите*.

**Белешка за процената на влијанието врз животната средина:**

За одредени видови јавни и приватни проекти, задолжително е да се спроведе процена на влијанието врз животната средина (ПВЖС). Оваа обврска не произлегува од директивите за јавните набавки туку од Директивата 2011/92/ЕУ, „Директива за ПВЖС“.

Кога проект е од видот кој подлежи на Директивата за ПВЖС, договорниот орган мора однапред да спроведе процена на влијанието врз животната средина за да ги има сите потребни информации кои му овозможуваат да донесе одлука и притоа да е целосно свесен за влијанието на таа одлука врз животната средина.

Видовите проекти кои се опфатени се предвидени во Директивата за ПВЖС и може да вклучат, на пример, рафинерии за нафта, електрични централи, постројки за отстранување

[5] http://ec.europa.eu/environment/gpp/eu_gpp_criteria_en.htm

на отпад кај аеродроми и други големи инфраструктурни проекти.

Спроведувањето на процена на влијанието врз животната средина може да влијае врз предметот на договорот и/или клаузулите за извршување.

За повеќе информации во врска со Директивата за ПВЖС, види ја веб-страницата на Европа[6].

## Објавување

Важно е договорниот орган однапред да утврди дали и како може да се вклучат еколошки аспекти во постапката. Ако договорниот орган сака да користи такви аспекти, тој мора однапред да ги наведе во повикот за поднесување понуди и/или во документацијата за набавката. Доколку не го направи тоа, тогаш нема да може да ги вклучи овие аспекти во подоцнежна фаза. На пример:

- Можноста за склучување договор мора јасно и точно да се опише. Ако, на пример, договорниот орган бара пат со тунели наместо пат што ќе мине по рид, овој услов треба да е содржан во описот на договорот за им биде јасен на економските оператори.
- Ако договорниот орган бара алтернативни понуди, кои може да се поврзани со еколошки алтернативи, тогаш овој услов треба да се наведе во повикот за поднесување понуди.
- Минималните услови што треба да ги исполнуваат понудите мора да се јасно наведени во спецификациите.
- Посебните услови на договорот мора да се наведени во документацијата за набавката.
- Ако договорниот орган користи еколошки аспекти како елементи во критериумот за доделување договор, тогаш елементите мора да се наведат во повикот за поднесување понуди или во документацијата за набавката.

## Избор

По објавување на повикот за поднесување понуди, договорниот орган ќе добие пријави од економските оператори кои сакаат да учествуваат во постапката и да поднесат понуди. Договорниот орган ќе спроведе постапка во којашто ќе одлучи со кој економски оператор ќе го склучи договорот, под услов избраниот понудувач да не е исклучен согласно со основите за исклучување и да ги исполнува критериумите за утврдување на способност утврдени од договорниот орган.

**Исклучување:** Во однос на еколошките аспекти, Директивата утврдува незадолжителни основи поради кои економските оператори може да бидат исклучени. Незадолжителните основи вклучуваат исклучување врз основа на професионален прекршок или сериозно непрофесионално однесување, коишто може евентуално да се користат во врска со еколошките аспекти. Во овој контекст, договорните органи имаат можност да ги исклучат економските оператори кои се покажале како несигурни поради прекршување на обврските поврзани со животната средина.

**Избор на соодветни понудувачи:** Директивата пропишува исцрпен список на критериуми за утврдување на способност кои договорниот орган може да ги користи за избор на економските

6 http://ec.europa.eu/environment/eia/

оператори. Има ограничувања за степенот до кој може да се користат еколошки критериуми за утврдување на способност. Директивата и судската практика потврдуваат дека:

- Списокот на критериуми за утврдување способност е исцрпен, односно тој не може да се дополни.
- Овој список на критериуми е тесно ограничен, со малку простор за толкување или маневрирање.
- Процената врз основа на критериумите за утврдување на способност може да се однесува единствено на способноста на понудувачите да го извршат конкретниот договор што е предмет на набавката.

Мала е веројатноста дека еколошките аспекти може да се вклучат кога се разгледува „економската и финансиската состојба“ на понудувачот. Како резултат на тоа, во повеќето случаи единствениот начин на кој може да се користат еколошките аспекти како основа за неизбирање одреден понудувач е ако може да се смета дека тие влијаат на „техничкото знаење и/или професионална способност“ на понудувачот.

Дозволено е од понудувачот да се побараат информации поврзани со посебните околности како, на пример, информации за соодветното искуство во:

- управување со опасен отпад, во врска со договор за отстранување отпад;
- проектирање згради со висок еколошки квалитет, во врска со договор за архитектонски и проектантски услуги;
- справување со отстранувањето на азбест, во врска со договор за рушење зграда.

За повеќе информации, види Резиме на СИГМА за јавните набавки 7, *Утврдување на способноста на економските оператори*.

## Евалуација на понуди

Договорниот орган ги евалуира добиените понуди и го доделува договорот.

Понудата мора да биде во согласност со спецификациите утврдени од договорниот орган, вклучувајќи ги и еколошките услови. Доколку понудата не ги исполнува сите барани карактеристики, таа се смета за нерегуларна.

**Посебни правила за ознаки:** Ознаките (или еко-ознаките) може да се користат во јавните набавки како извор на еколошки критериуми (за спецификациите или за фазата на доделување на договорот) и како начин за проверка.

Договорните органи може да побараат одредена ознака како доказ дека работите, услугите или стоките одговараат на бараните карактеристики, доколку се исполнети сите долунаведени услови:

- Барањата за ознаките се однесуваат само на критериуми кои се поврзани со предметот на договорот и се соодветни за дефинирање на карактеристиките на работите, стоките или услугите кои се предмет на договорот.
- Барањата за ознаките се засноваат на објективно проверени и недискриминирачки критериуми.
- Ознаките се утврдени во отворена и транспарентна постапка, во која може да учествуваат сите заинтересирани страни, вклучувајќи владини тела, потрошувачи, социјални партнери, производители, дистрибутери и невладини организации.
- Ознаките им се достапни на сите заинтересирани страни.

- Барањата за ознаките ги одредува трето лице врз кое економскиот оператор кој бара да му се додели ознаката не може да врши одлучувачко влијание.

Договорните органи кои бараат одредена ознака мора да ги прифатат сите ознаки со коишто се потврдува дека работите, стоките или услугите ги исполнуваат еквивалентните барања за ознаката.

Кога економскиот оператор очигледно немал можност да добие одредена ознака определена од договорниот орган или еквивалентна ознака во соодветниот рок од причини кои не можат да му се припишат на него, договорниот орган мора да прифати други соодветни докази како, на пример, техничката книга на производителот или извештај за извршено тестирање од признаено тело.

**Критериуми за доделување на договорот:** Договорниот орган мора да го заснова доделувањето на договорот за јавна набавка врз економски најповолната понуда. Договорниот орган веќе има одлучено во фазата на планирање на набавката како да ја идентификува економски најповолната понуда. Во овој контекст, договорниот орган веќе има утврдено дали доделувањето на договорот ќе се заснова врз (1) цената како единствен критериум, (2) трошокот или (3) најдобриот сооднос помеѓу цената и квалитетот. Основата за доделувањето мора да биде наведена во повикот за поднесување понуди.

Еколошките аспекти може да се вклучат во договорите што треба да се доделат само врз основа на цената преку инкорпорирање на релевантните барања во техничките спецификации и во условите на договорот. Бидејќи цената е единствениот критериум за доделување на договорот, нема можност да се вклучат посебни критериуми поврзани со еколошките аспекти.

Кога еколошките барања се законски вклучени во техничките спецификации, тогаш има јасна поврзаност со предметот на договорот. Исто така, сите или некои технички спецификации може да се преточат во критериуми за доделување на договорот. Таква ситуација постои кога договорниот орган предлага договорот да се додели врз основа на најдобриот сооднос помеѓу цената и квалитетот, со тоа добивајќи повеќе можности да се вклучат еколошки аспекти. Овие критериуми овозможуваат компаративна процена на квалитетот на извршувањето на договорот што се нуди во секоја понуда имајќи го предвид предметот на договорот, како што е дефиниран во техничките спецификации.

Директивата пропишува неисцрпен, илустративен список на критериуми за евалуација на понудите, којшто вклучува упатување на еколошките карактеристики. Договорниот орган има дискреционо право во изборот на критериумите кои ќе се применуваат.

Меѓутоа, ова дискреционо право не е неограничено и има одредени ограничувања. Сите критериуми за доделување на договорот поврзани со еколошките аспекти и коишто се користат за процена на најдобриот сооднос помеѓу цената и квалитетот мора да исполнуваат четири услови. Критериумите за доделување на договорот мора:

- да бидат поврзани со предметот на договорот;
- да бидат конкретни и објективно да може да се определат;
- да бидат објавени/наведени претходно;
- да го почитуваат правото на ЕУ и да бидат во согласност со основните начела на еднаков третман, недискриминација и транспарентност.

Критериумите за доделување на договорот, исто така, мора да бидат различни од критериумите за утврдување на способност.

Земањето предвид на сите трошоци кои настануваат во текот на целиот животен циклус на производот, исто така, може да се искористи на ефикасен начин за поттикнување на еколошките аспекти. На пример:

- **Заштеди на употребата на вода и енергија** – при проектирање енергетски ефикасни згради каде што почетните градежни трошоци можеби се повисоки, но трошоците во текот на животниот циклус се пониски отколку кај традиционално проектираните згради поради подобра изолација, системи за вентилација наместо клима уреди и повторна употреба на дождовна вода.

- **Се земаат предвид екстерналиите** – екстерналиите се штети или придобивки за кои не плаќа загадувачот или корисникот во нормални пазарни услови, туку се на товар на општеството како целина. Овој пристап може да се земе предвид единствено кога надворешните трошоци настануваат поради извршување на договорот и кога истовремено трошоците се на товар директно на договорниот орган кој го набавува производот или услугата.

  Методите кои договорните органи ги користат за процена на трошоците предизвикани од надворешни еколошки фактори мора да се утврдат однапред на објективен и недискриминирачки начин и тие мора да бидат достапни за сите заинтересирани страни.

**Понуди со невообичаено ниска цена:** Директивата на договорниот орган му дозволува да одбие понуди со невообичаено ниски цени. Договорниот орган најпрво мора да ги побара, во писмена форма, деталите на составните елементи на понудата за кои смета дека се релевантни. Доколку понудувачот не може да даде соодветно објаснување, договорниот орган има право да ја одбие понудата.

Одбивањето на понудата е задолжително во случаи кога договорниот оран ќе утврди дека невообичаено ниската цена или предложените трошоци произлегуваат од непочитување на задолжителното законодавство на ЕУ за заштита на животната средина (или националното законодавство кое е усогласено со законодавството на ЕУ).

## Услови на договорот

Условите на договорот може да вклучуваат клаузули за извршување на договорот, кои се користат за да се одреди начинот на кој треба да се изврши договорот.

Во Директивата конкретно се наведува дека договорните органи може да поставаат посебни услови за извршување на договорот, доколку тие се:

- поврзани со предметот на договорот;
- наведени во повикот за учество или во документацијата за набавката;
- не се директно или индиректно дискриминаторни.

Условите со коишто се уредува извршувањето на договорот, особено, може да вклучуваат еколошки аспекти.

**Ограничувања на употребата на овие услови во постапката за јавна набавка:** Условите на договорот не треба да се маскираат како технички спецификации, критериуми за утврдување способност или критериуми за евалуација на понудите; успешниот понудувач треба да ги исполнува овие услови од моментот кога договорот ќе започне.

Условите на договорот, сепак, треба внимателно да се утврдат со цел економските оператори кои поднесуваат понуди да се запознаени со сите обврски во договорот и да можат да дадат соодветна цена.

Во текот на постапката за јавна набавка не треба да се бара доказ за почитување на условите на договорот. Економските оператори мора да ги прифатат условите за да го добијат договорот.

Условите на договорот треба внимателно да се користат и треба да се поддржани со трошоците и придобивките кои произлегуваат од нив.

Примери за можни договори со услови кои опфаќаат еколошки аспекти:

- Договор за јавна набавка на работи за изградба на нова деловна зграда, кој вклучува услов да се употребуваат контејнери за повеќекратна употреба за транспорт на материјали до градежната локација и активности за намалување на создавањето отпад на локацијата и за зголемување на рециклирањето;
- Договор за чистење во кој се бара употреба на показатели за дозирање за да се обезбеди дека се користи соодветна количина од средството за чистење и изведувачот се обврзува да ја рециклира амбалажата секогаш кога тоа е можно;
- Договор за набавка на хартија за фотокопирање во кој се бара испорака на соодветни количини со цел бројот на испораки да се сведе на минимум и испораките да бидат вон времето кога сообраќајот е најгуст, со цел да се намали потрошувачката на гориво кај возилата за испорака.

## Управување со договорот

Значаен дел од управувањето со договорите е следење на извршувањето на договорот за да се обезбеди дека договорот се спроведува како што е договорено. Внимателната подготовка на спецификациите и на условите на договорот за да се вклучат еколошките услови е губење време доколку договорниот орган не проверува дали тие услови се почитуваат и не презема активности ако утврди дека условите не се исполнети.

Почитувањето на обврските кои се применуваат во областа на законодавството за заштита на животната средина од страна на изведувачот и неговите подизведувачи мора да се обезбеди преку соодветни дејствија од страна на надлежните национални органи, како што се агенциите за заштита на животната средина, во рамки на нивните одговорности и надлежности.

## Секторски дејности

Во голема мера, истите законски прописи се применуваат според Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор и Секторската директива[7]. Овие директиви имаат многу слични или паралелни одредби. Судот на правдата на Европската унија имаше тенденција да го применува истото толкување за договорните органи од класичниот јавен сектор и за договорните субјекти во секторски опфатените дејности.

Клучната разлика се однесува на правилата за исклучување и избор на економските оператори, со тоа што одредбите во Секторската директива се помалку детални и помалку строги отколку оние во Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор.

**Што предвидува Секторската директива во врска со еколошките аспекти?** Секторската директива содржи неколку одредби што се однесуваат конкретно на вклучување на еколошките аспекти во постапката за јавна набавка. Овие одредби значително ги одразуваат одредбите од Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор. Подолу се наведени некои од клучните разлики.

**Избор**

**Избор на понудувачи:** Секторската директива не пропишува исцрпен список на критериуми коишто треба да се користат за избор на понудувачи. Ова е многу различно од состојбата кај Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор, каде што има детален и исцрпен список на критериуми коишто може да се користат и информации коишто може да се побараат.

Според Секторската директива, од договорните субјекти се бара да применуваат „објективни правила и критериуми“ при избор на економските оператори. Овие објективни правила и критериуми мора да се достапни за заинтересираните економски оператори. Според тоа, договорните субјекти од секторски опфатените дејности веројатно имаат поголема флексибилност да ги вклучат еколошките аспекти во оваа фаза од набавката, под услов критериумите да се поврзани со предметот на договорот и со способноста на економскиот оператор да го изврши конкретниот договор што е предмет на набавката. Правилата и критериумите, исто така, не смеат да бидат во спротивност со начелата од Договорот.

Истите начела за избор се применуваат за изборот на економски оператори кои сакаат да учествуваат во квалификациски системи.

**Основи за задолжително исклучување:** Договорниот субјект кој е договорен орган од класичниот јавен сектор мора да ги почитува одредбите коишто налагаат задолжително исклучување на економските оператори ако се утврди дека се виновни за одредени кривични дела, коишто опфаќаат пресуди за учество во криминални организации, корупција, измама, перење пари, терористички кривични дела, детски труд и други форми на трговија со луѓе. Како и во Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор, основите за задолжително исклучување во Секторската директива не опфаќаат конкретно еколошки прашања.

Од друга страна, договорните субјекти кои не се договорни органи не се должни да исклучуваат понудувачи од учество во постапката за јавна набавка според горенаведените одредби.

[7] Директива 2014/25/ЕУ за набавки на субјектите кои работат во секторите за водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги и за укинување на Директива 2004/17/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

**Основи за незадолжително исклучување:** Сите договорни субјекти може да одлучат да исклучат понудувачи поради незадолжителни основи за исклучување, но тие не се должни да го направат тоа. Незадолжителните основи вклучуваат професионален прекршок или сериозно непрофесионално однесување, а со тоа договорните субјекти може да исклучуваат економски оператори кои се покажале како несигурни поради прекршување на обврските поврзани со животната средина.

**Евалуација на понуди**

Договорниот субјект веќе има одлучено во фазата на планирање на набавката како ќе го додели договорот врз основа на економски најповолната понуда. „Економски најповолната понуда“ е дефинирана на истиот начин како во Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор и вклучува упатување на еколошките аспекти.

Основата за доделувањето мора да биде наведена во повикот за поднесување понуди.

Кога се користи квалификациски систем, договорниот субјект сепак треба да бара доставување на понуди преку повик за учество. Истите начела се применуваат за користењето на критериумите за евалуација на понудите.

## Дополнителни информации

**Публикации**

*Прирачник за обука за јавните набавки* – Модул В5, СИГМА (2015), издание на ОЕЦД, Париз, http://www.sigmaweb.org/publications/public-procurement-training-manual.htm

**Резимеа за јавните набавки**

http://www.sigmaweb.org/publications/key-public-procurement-publications.htm

СИГМА (2016), *Утврдување на способноста на економските оператори*, Резиме 7, издание на ОЕЦД, Париз

**Други извори**

Веб-страница за зелени јавни набавки, http://ec.europa.eu/environment/gpp/index_en.htm